MAKSTIL DITH

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕКО ИНЖЕНЕРИНГ-НС ДООЕЛ
Бр. 03-61/2
27.01 2020 год.
Струмица

## Договор за извршување на услуги
## Број на договор/датум: 20200304 / 22.01.2020

Давател на услуга

ЕКО ИНЗЕНЕРИНГ-НС
22 декември бр.3,
Струмица, Република Северна Македонија

Корисник на услуга

МАКСТИЛ АД СКОПЈЕ
16-та Македонска Бригада, 18
1000 Скопје, Република Северна Македонија
26628 Николовска Марија

| | |
|---|---|
| Шифра на Давател на услуга | 11482 |
| Услови за испорака (паритет) | EXW Makstil AD Skopje |
| Рок за извршување на услугата | 21.01.2021 |
| Услови (рок) за плаќање | 100 % на 120 дена од прием на фактура - одложено |
| Гарантен рок | / |
| Вид на услуги | Отсранување на отпадни пластични канти |
| Број на Понуда (наш/ваш) | 6282660 / 8 |

Барања за набавка : 1I-EI-60209

| Ред.Бр. | Опис на услугите | Едм | Количина | Един.цена | Валута | Вк.Вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Отстранување на отпадни пластични канти со шифра на отпад 15 01 10*. | ton | 12.000 | | MKD | |

Вкупно:

* Цените се без ДДВ

* Договорот вклучува отсранување на отпадни пластични канти со ADR камиони од МАКСТИЛ АД до ДРИСЛА ДОО. Трошокот кон ДРИСЛА ДОО е на товар на ЕКО ИНЖЕНЕРИНГ-НС ДООЕЛ.

Забелешка: Општите услови на Договорот за извршување на услуги се составен дел на Договорот за извршување на услуги.

„МАКСТИЛ“
2
СКОПЈЕ

MAKSTIL DITH

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

## ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИ

1. Предмет на Договорот

Предмет на овој Договор е извршување на услуги од страна на Давателот на услугата кон Корисникот на услугата.

Со овој Договор се опфатени описот на услугите, спецификациите, квалитетите, цените и условите за извршување на услуги, како што е преговарано и договорено помеѓу Давателот на услугата и Корисникот на услугата. Договорот претставува согласност на Давателот на услугата и Корисникот на услугата за извршување на услуги исклучиво врз основа на правилата и условите утврдени со овој Договор.

2. Правила на плаќање

Давателот на услугата ќе издаде фактура за услугите откако истите ќе бидат во целост извршени. Давателот на услугата нема право да издава фактури за делумно извршени услуги без претходно дадена писмена согласност од страна на Корисникот на услугата.

Плаќањето на фактурираната вредност ќе се врши од страна на Корисникот на услугата во договорената валута согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија.

Начинот и роковите на плаќање се утврдени во овој Договор. Плаќањето ќе се изврши на трансакциска сметка на Давателот на услугата, која што се води во Банка наведена во Фактурата издадена од страна на Давателот на услугата.

Со потпишувањето на овој Договор, Давателот на услугата изјавува дека е согласен Корисникот на услугата да го задржи, односно да не го изврши секое плаќање кое што треба да биде извршено врз основа на овој Договор, во случај на недостатоци на услугата по основ на квалитет и/или квантитет, с? до конечно решавање на настанатата спорна ситуација.

Со потпишувањето на овој Договор, Давателот на услугата изјавува дека е согласен Корисникот на услугата да го задржи секое плаќање, односно да го пребие (компензира) било кое побарување кое што го има кон Давателот на услугата по било кој основ и од било кој деловен однос (надомест на директна и/или индиректна штета, пенали поради задоцнето извршување на услугите, недостатоци поврзани со квалитетот на извршените услуги), со било која достасана обврска на Корисникот на услугата кон Давателот на услугата.

3. Гарантен период

Со потпишувањето на овој Договор, Давателот на услугата изјавува дека издава целосна гаранција за извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, врз основа на овој Договор во периодот наведен во овој Договор (гарантен рок). Со потпишувањето на овој Договор, Давателот на услугата неотповикливо изјавува дека го гарантира исправното функционирање на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, во текот на гарантниот рок, сметајќи од денот на предавањето на извршените работи на Корисникот на услугата.
Корисникот на услугата има право, доколку извршените работи, кои што произлегуваат од извршените услуги врз основа на овој Договор не функционираат исправно, односно не ги задоволуваат пропишаните и соодветни критериуми, како и специфични барања и потреби на Корисникот на услугата, да бара од Давателот на услугата, да ги поправи извршените работи во разумен рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на известувањето, или доколку тоа не го стори, да ја намали цената за извршените услуги, во износ еднаков на износот кој што е потребен за соодветно извршување на услугите од страна на друг субјект, кој што Корисникот на услугата ќе го ангажира по свое наоѓање.
Доколку Давателот на услугата не изврши во разумен рок од 8 (осум) дена преправка или целосна замена на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, Корисникот на услугата може по негов избор да го раскине договорот или да ја намали цената, како и да бара надомест на целокупната директна и/или индиректна штета која што ја има претрпено.

4. Договорна казна

Во случај на доцнење со извршување на услугите од страна на Давателот на услугата, ќе биде наплатена договорна казна.

Во случај на доцнење со извршување на услугите од страна на Давателот на услугата до 14 (четиринаесет) дена, Корисникот на услугата нема да наплати договорна казна од Давателот на услугата.

Во случај на доцнење со извршување на услугите од страна на Давателот на услугата повеќе од 14 (четиринаесет) дена, односно сметано од 15-от (петнаесеттиот) ден на задоцнување со извршување на услугите, Корисникот на услугата ќе наплати од Давателот на услугата договорна казна во износ од 0,5% од вкупната вредност на нарачаните услуги за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на нарачаните услуги.

Доколку Давателот на услугата доцни со извршување на услугите повеќе од 60 (шеесет) дена, Корисникот на услугата е овластен да одбие да му допушти на Давателот на услугите да започне односно да продолжи со извршување на услугите. Доколку Корисникот на услугата одлучи да одбие да му допушти на Давателот на услугата да започне со извршувањето на услугите поради задоцнување со извршувањето на услугите подолго од 60 (шеесет) дена, Давателот на услугата нема право на надоместок за било кој трошок кој го има направено во врска со извршувањето на услугите. Доколку Корисникот на услугата одлучи да одбие да му допушти на Давателот на услугата да продолжи со извршувањето на услугите поради задоцнување со извршувањето на услугите подолго од 60 (шеесет) дена, Давателот на услугите има право на надоместок на сите трошоци кои што ги има направено во врска со извршувањето на услугата се до моментот на Известувањето од Корисникот на услугата за запирање со извршување на услугите поради задоцнување подолго од 60 (шеесет) дена.

За прв ден на задоцнување ќе се смета првиот нареден ден, сметано од денот на кој што услугата требало да биде извршена кон Корисникот на услугата. Денот на кој што услугата треба да биде извршена кај Корисникот на услугата, е денот наведен во овој Договор.

5. Одговорност на Давателот на услугата

MAKSTIL DITH

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

како и согласно специфичните барања и потреби на Корисникот на услугата.

Давателот на услугата гарантира дека извршувањето на услугите ќе биде во согласност со барањата и специфичните потреби на Корисникот на услугата, како и дека извршените работи ќе бидат безбедни за употреба, согласно целта за која се наменети.

Доколку по извршувањето на услугите од страна на Корисникот се утврди дека извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги имаат било каков недостаток кој што не можел да се открие со вообичаениот преглед на извршените работи во моментот кога услугите биле целосно извршени (скриен недостаток), а истиот се открил најдоцна до 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на целосното извршување на услугите, Давателот на услугата ќе се смета за целосно одговорен за сите недостатоци кои што ќе се покажат во горенаведениот рок. Во случај во горенаведениот рок да се утврди дека извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги имаат скриени недостатоци, а Корисникот на услугата поради тоа претрпел директна, и/или индиректна штета, Давателот на услугата е должен истата во целост да му ја надомести.

Давателот на услугата изјавува дека му е позната целта за која што Корисникот на услугата бара извршување на услугите, врз основа на овој Договор.

Давателот на услугата гарантира дека се преземени сите потребни мерки на претпазливост за да се осигура дека сите услуги се извршени навремено и безбедно и истите се со највисок и специфично баран квалитет.

Давателот на услугата гарантира дека ги поседува сите средства и опрема, како и лиценци/дозволи/одобрувања, потребни за вршење на услугите, предмет на овој Договор. Давателот на услугата е одговорен за било какви дела и/или пропусти извршени од страна на неговите подизведувачи.

Давателот на услугата е одговорен за било каква нанесена директна и/или индиректна штета и/или загуба на Корисникот на услугата кои што можат да бидат предизвикани, а кои се должат на несоодветно извршени услуги, и/или извршување на услугите спротивно на правилата на струката, односно спротивно од специфичните барања и целта заради која истите се нарачани од страна на Корисникот на услугата.

Давателот на услугата гарантира дека со вршењето на услугите нема да нанесе никакви штетни последици по безбедноста и здравјето на луѓето, и/или кон животната средина. Давателот на услугата гарантира дека ќе му ја надомести на Корисникот на услугата секоја штета (директна и/или индиректна) причинета со вршењето на услугите, предмет на овој Договор која што настанала во врска со безбедноста и/или здравјето на луѓето, и/или кон животната средина.

Терминот "штета" во смисла на одредбите од овој член од Договорот, вклучува, но не се ограничува на следните штети: казни изречени од надлежни државни органи во Република Северна Македонија кон Корисникот на услугата, штета исплатена од Корисникот на услугата кон лица вработени, и/или ангажирани со Договор за дело од страна на Корисникот на услугата, штета исплатена од Корисникот на услугата кон трети лица, штета претрпена од Корисникот на услугата поради застои и/или прекини во производниот процес на Корисникот на услугата, штета претрпена од Корисникот на услугата врз неговите машини, постројки, недвижен имот, и/или транспортни средства, нематеријална штета претрепена од Корисникот на услугата (штета врз репутацијата на Корисникот на услугата и слично).

6. Рекламации на квантитет

Валидни се само оние рекламации во врска со квантитетот на извршените услуги кои што се во согласност со овој дел од Договорот

Сите рекламации на квантитетот на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, ќе бидат писмено поднесени од страна на Корисникот на услугата и примени од страна на Давателот на услугата, во рок од 30 (триесет) дена од денот на извршувањето на услугите.

Освен доколку Давателот на услугата не се согласи поинаку во писмена форма, во моментот на можна потенцијална рекламација на квантитетот на извршените услуги од страна на Корисникот на услугата, Корисникот на услугата ќе се погрижи да нема понатамошни дејствија врз извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, с? додека Давателот на услугата не спроведе инспекција на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги.

Квантитативна контрола се врши со соодветен документ кој што ќе биде потпишан од овластените лица на двете договорни страни. Во случај квантитетот на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги да не биде утврден во моментот кога услугите се целосно извршени, истото се забележува на документот со образложение на причините поради кои квантитетот на извршените услуги не е утврден.

Доколку се утврдат квантитативни недостатоци, односно помалку извршени услуги од нарачаните во моментот кога услугите се извршени или во дополнителен рок од 30 (триесет) дена по извршувањето на услугите, Корисникот на услугата е должен да го извести Давателот на услугата во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на констатирањето на квантитативниот недостаток на извршените услуги. Давателот на услугата е должен да изврши инспекција на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на известувањето за констатираните квантитативни недостатоци. Доколку Давателот на услугата не изврши инспекција на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на известувањето за констатираните квантитативни недостатоци, ќе се смета дека Давателот на услугата е согласен со констатациите на Корисникот на услугата во однос на квантитативните недостатоци. Доколку Давателот на услугата изврши инспекција во однос на констатираните квантитативни недостатоци на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во горенаведениот рок и писмено изјави дека не се согласува со констатациите на Корисникот на услугата, договорните страни се согласни инспекцијата, односно квантитативната контрола на извршените услуги да биде извршена од страна на независна, овластена и лиценцирана компанија, која што ќе биде ангажирана од страна на Корисникот на услугата. Извештајот на компанијата ангажирана од страна на Корисникот на услугата ќе биде конечен и обврзувачки за двете договорни страни.
Доколку поради несоодветниот квантитет на извршените услуги му е предизвикана директна и/или индиректна штета на Корисникот на

MAKSTIL EDITH

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

односно да не изврши плаќање на износот кој што одговара на вредноста на извршените услуги за кои што се констатирани недостатоци во однос на квантитетот од страна на Корисникот на услугата, зголемен за износот на евентуалните дополнителни трошоци на Корисникот на услугата, предизвикани поради несоодветното квантитативно извршување, дури и Давателот на услугата да не издаде книжно одобрение.

7. Рекламации на квалитет

Валидни се само оние рекламации во врска со квалитетот и сообразноста на извршените услуги кои што се во согласност со овој дел од Договорот.

Сите рекламации на квалитетот и сообразноста на работите кои што произлегуваат од извршените услуги, ќе бидат писмено поднесени од страна на Корисникот на услугата и примени од страна на Давателот на услугата, во рок од 30 (триесет) дена, сметано од денот на целосното извршување на услугите.

Освен доколку Давателот на услугата не се согласи поинаку во писмена форма, во моментот на можна потенцијална рекламација на квалитетот и/или сообразноста на работите кои што произлегуваат од извршените услуги, од страна на Корисникот на услугата, Корисникот на услугата ќе се погрижи да нема понатамошни активности над работите кои што произлегуваат од извршените услуги с? додека Давателот на услугата не спроведе инспекција на работите кои што произлегуваат од извршените услуги.

Давателот на услугата му гарантира на Корисникот на услугата дека услугите кои што ќе ги изврши врз основа на овој Договор во целост ги задоволуваат и исполнуваат стандардите за квалитет предвидени согласно важечката законска и подзаконска регулатива, норми и стандарди, како и согласно барањата и потребите на Корисникот на услугата. Доколку е применливо, односно доколку Корисникот на услугата побара, Давателот на услугата е должен да издаде соодветен сертификат кој што го поседува за извршување на тој вид на услуги, со кој што ќе се потврди дека извршените услуги се со соодветен и специфично баран квалитет, односно квалитет кој што целосно одговара на специфичните барања и потреби на Корисникот на услугата, со кои што Давателот на услугата е целосно запознаен.

Во случај кога работите кои што произлегуваат од извршените услуги не ги задоволуваат и/или исполнуваат нормите и стандардите за квалитет за тој вид/видови на услуга, како и специфичните барања и потреби на Корисникот на услугата, Давателот на услугата е должен на свој трошок веднаш да ги изврши сите потребни преправки/интервенции, како извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги би ги задоволиле пропишаните норми и стандарди, како и специфичните барања и потреби на Корисникот на услугата.

Доколку се утврдат квалитативни, односно недостатоци во однос на сообразноста на работите кои што произлегуваат од извршените услуги, договорните страни, односно нивните овластени претставници, ќе состават и потпишат соодветен записник за констатираните квалитативни недостатоци на извршените услуги.

Доколку се утврдат квалитативни недостатоци, односно недостатоци во однос на сообразноста на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги во моментот кога услугите се извршени или во дополнителен рок од 30 (триесет) дена по извршувањето на услугите, Корисникот на услугата е должен да го извести Давателот на услугата во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на констатирањето на квалитативниот недостаток, односно недостаток во однос на сообразноста на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги. Давателот на услугата е должен да изврши инспекција на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на известувањето за констатираните квалитативни недостатоци, односно недостатоци во однос на сообразноста. Доколку Давателот на услугата не изврши инспекција на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на известувањето за констатираните квалитативни недостатоци, односно недостатоци во однос на сообразноста, ќе се смета дека Давателот на услугата е согласен со констатациите на Корисникот на услугата во однос на квалитативните недостатоци, односно недостатоци во однос на сообразноста. Доколку Давателот на услугата изврши инспекција во однос на констатираните квалитативни недостатоци, односно недостатоци во однос на сообразноста на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги кај Корисникот на услугата во горенаведениот рок и писмено изјави дека не се согласува со констатациите на Корисникот на услугата, договорните страни се согласни инспекцијата, односно квалитативната контрола и контролата на сообразноста на извршените услуги да биде извршена од страна на независна, овластена и лиценцирана компанија, која што ќе биде ангажирана од страна на Корисникот на услугата. Извештајот на компанијата ангажирана од страна на Корисникот на услугата ќе биде конечен и обврзувачки за двете договорни страни.
Доколку поради несоодветниот квалитет на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги му е предизвикана директна и/или индиректна штета на Корисникот на услугата, Давателот на услугата е должен во целост да му ја надомести штетата на Корисникот на услугата.
Со потпишувањето на овој Договор, Давателот на услугата изјавува дека го овластува Корисникот на услугата да го задржи плаќањето, односно да не изврши плаќање на износот кој што одговара на вредноста на извршените услуги за кои што се констатирани недостатоци во однос на квалитетот, и/или сообразноста, од страна на Корисникот на услугата, зголемен за износот на евентуалните дополнителни трошоци на Корисникот на услугата, предизвикани поради несоодветното извршување на услугите во однос на квалитетот и/или сообразноста, дури и Давателот на услугата да не издаде книжно одобрение.

Одредбите од овој член ќе се применуваат самостојно и независно од одредбата за скриени недостатоци на извршените услуги, која што е содржана во овој Договор.

8. Права и обврски на Давателот на услугата и Корисникот на услугата за времетраењето на гарантниот рок

Корисникот на услугата може поради неисправното функционирање на работите кои што произлегуваат од извршените услуги да бара од Давателот на услугата, преправка на извршените работи во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.
Корисникот на услугата има право на надомест на целокупната директна и/или индиректна штета што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, од моментот на поднесување на барањето за преправка на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги до фактичкото извршување на истите.

MAKSTIL DITH

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги, е извршена целосна замена на истите, и/или нивна суштествена преправка, гарантниот рок почнува повторно да тече, сметано од денот на замената односно од суштествената преправка на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги.
Сите споредни трошоци кои што се потребни за извршување на потребните преправки, и/или целосна замена на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги се во целост на товар на Давателот на услугата.
За тоа време, Давателот на услугата целосно го поднесува ризикот за пропаѓање и/или оштетување на извршените работи кои што произлегуваат од извршените услуги.

9. Применливо законодавство

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле во врска со овој Договор, ќе се применуваат позитивните прописи на Република Северна Македонија, првенствено Законот за облигациони односи.

10. Решавање на спорови

Сите спорови кои што произлегуваат од Договорот или се поврзани со него, кои вклучуваат и прашања поврзани со неговата полноважност, повреда, толкување, како и неговиот престанок, договорните страни се согласни да се обидат да ги решаваат спогодбено со меѓусебно разбирање како деловни партнери, а доколку не успеат во тоа, надлежен ќе биде Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

11. Виша сила

Согласно овој Договор, за виша сила се сметаат причини кои директно или индиректно ги попречуваат договорните страни да ги извршат своите обврски поради настани кои се надвор од контрола, на пример: штрајкови, војни, бунтови, пиратерија, граѓански немири, злонамерни штети, усогласеност со кој било закон или владин ред, правила, регулативи или насоки, санкции и ембарга, несреќи, дефекти на постројки или машини, заплени, пожари, поплави, бури и слично.
Доколку било која од договорните страни е спречена или одложува со извршувањето на своите обврски наведени во овој договор под влијание на виша сила, таа страна без одложување треба да ја извести другата страна по писмен пат, за околностите на виша сила и нивното влијание, и по таквото известување нема да подлежи на одговорност за извршување на обврските кои се спречени од страна на влијанието на виша сила, во текот на траењето на истата. По завршувањето на влијанието на вишата сила, истата страна треба да продолжи со планираните активности со цел да ги изврши своите обврски.
Доколку било која од договорните страни е спречена во својата активност и извршувањето на своите обврски под влијание на виша сила, и тоа спречување трае континуирано во период од 3 (три) месеци, тогаш другата страна има право да го раскине овој договор.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена во извршување на обврските од овој Договор заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

12. Кореспонденција

Договорните страни се согласни целокупната кореспонденција поврзана со Договорот да се врши на адресите на договорните страни наведени во Договорот. Известувањето ќе се смета за извршено со датумот на испраќање. Договорните страни нема да ги земат во предвид усмените известувања. Секоја договорна страна е согласна да ја извести другата договорна страна за промена на адресата и/или било кој друг податок наведен во овој Договор, во рок од 3 (три) дена сметано од денот на извршената промена. Доколку било која договорна страна не ја извести другата договорна страна за извршената промена, доставата извршена на адресите наведени во овој Договор ќе се смета за важечка. Договорните страни се согласни кореспонденцијата поврзана со овој Договор да се врши преку следните е-маил адреси:

За Корисникот на услугата: marija.nikolovska@makstil.com.mk; тел: ++389 (0)2/3287 008
За Давателот на услугата: ekoinzenering@yahoo.com

13. Целосен договор

Освен ако не е поинаку определено со одредбите, Договорот заедно со воведните договори и анекси кои претставуваат составен дел на Договорот, го сочинуваат ексклузивниот и целосниот договор помеѓу договорните страни. Други изјави помеѓу страните, освен оние утврдени со Договорот, нема да бидат обврзувачки за договорните страни.

14. Измени на Договорот

Измените и/или дополнувањата на Договорот ќе се сметаат за важечки само доколку се изготвени во писмена форма и потпишани од страна на Давателот на услугата и Корисникот на услугата, односно доколку се разменети по е-маил или факс.

Корисникот на услугата може, со навремено издадено известување, да направи промени во кој било дел од Договорот. Давателот на услугата писмено ќе го извести Корисникот на услугата дали таквите промени влијаат врз цената, распоредот и начинот на извршување на услугите и/или друга одредба од Договорот во рок од 5 (пет) работни дена по даденото известување од страна на Корисникот на услугата

15. Пренесување на права на трети лица

Давателот на услугата нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без претходна писмена согласност од страна на

16 Makedonska Brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel.: ++389 (0)2/3287 024;3287 001
Fax.: ++389 (0)2/3287 076
E-mail: purchasing1@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

16.Доверливост

Договорните страни се должни сите факти, податоци, информации итн. во врска со деловните активности на другата страна за кои дознале во текот на исполнувањето на овој Договор да ги третираат како деловна тајна. Овие информации и податоци договорните страни не смеат да ги соопштуваат на трети лица, не смеат да ги искористат или да ги злоупотребуваат на штета на другата страна. Доколку една од страните оваа своја обврска ја прекрши, тогаш е должна да ги надомести сите штети кои поради тоа ќе ги има другата страна.

17. Други услови

Давателот на услугата ќе го извести Корисникот на услугата во врска со сите промени поврзани со називот на Компанијата, адресата, сметката и Банката, во рок од 3 (три) дена по настапувањето на соодветната промена. Давателот на услугата, исто така е обврзан да достави копија од сертификатот издаден од страна на Трговскиот регистар и на интерните акти на компанијата, по барање на Корисникот на услугата.

Овој Договор е составен и потпишан на македонски јазик.
Овој Договор може да биде подготвен во еден или повеќе примероци. Овој Договор може да биде разменет по електронска пошта или факс и во секој случај ќе се смета за важечки и обврзувачки за двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| Давател на услуга, ЕКО ИНЗЕНЕРИНГ-НС | Корисник на услуга, За МАКСТИЛ АД Скопје |
| Овластено лице | Овластено лице |

„МАКСТИЛ" 2 СКОПЈЕ